ДЕТИЊСТВО
CHILDHOOD
Часопис о књижевности за децу
Година L, бр. 3,
јесен 2024.
https://doi.org/10.46793/Childhood24.3

*Издавач*
Међународни центар
књижевности за децу
ЗМАЈЕВЕ ДЕЧЈЕ ИГРЕ
Нови Сад, Змај Јовина 26/II
Тел. (021) 66-11-266, 66-13-648
E-mail: zdigre@gmail.com
www.zmajevedecjeigre.org.rs

*За издавача*
Душица Мариновић, директорка

*Главне и одговорне уреднице*
Др Зорана Опачић
(бројеви 1 и 2)
Др Тијана Тропин
(бројеви 3 и 4)

*Секретарица редакције*
Мср Маријана Јелисавчић
Карановић

*Лектура и коректура*
Светлана Зејак

*Превод, лектура и коректура текстова на енглеском језику*
Преводилачка агенција
AD INFINITUM

*Ликовно решење корица*
Ненад С. Лазић

*Графичка уредница*
Весна Карајовић

*Прелом*
NEO KONS, Нови Сад

*Штампа*
AS Dizajn, Нови Сад

Часопис излази тромесечно
Цена овог броја: 600,00 динара
Рачун Змајевих дечјих игара:
340–11006551–47

# САДРЖАЈ

## НОВА ИСТРАЖИВАЊА

**Недељка В. Бјелановић**, Феномен постмеморије у четири савремена српска романа за дјецу ..... 5

**Вишња С. Мићић**, Басне у стиху савремених песника за децу – један поглед ..... 15

**Сања М. Савић Милосављевић**, Предмет сукоба у драмама за дјецу Бранка Стевановића ..... 26

**Јован Б. Ђорђевић**, Од онирничког до тромплејског бића и назад: категорија онирничког тромплеја ..... 37

**Јованка Д. Денкова**, Мрачните ходници на адолесценцијата ..... 45

**Милош М. Ђорђевић**, Теоријска и практична поетика и естетика (Прилог тумачењу расправе *Наивна песма* Милована Данојлића) ..... 55

**Тамара Р. Грујић**, Концепт наивне песме – лица модерности Душана Радовића и Милована Данојлића ..... 67

## ГОДИШЊИЦЕ

**Јелена Д. Лалатовић**, (Не)канонска читања: савремене теоријске контроверзе и проучавање романа за децу и младе у часопису *Детињство* (2000–2020) ..... 73

**Снежана З. Шаранчић Чутура**, Више од савременика: Бранко Ћопић – Душан Радовић – Стеван Пешић (запис поводом годишњица смрти) ..... 85

**Невена В. Андрић**, Неки моји лични минути (Невена Андрић о Владимиру Андрићу) ..... 96

**АНКЕТА** ..... 101
Анкета за писце
Анкета за теоретичаре, критичаре, педагоге, библиотекаре, читаоце

## ОГЛЕДАЛО КРИТИКЕ

**Страхиња Д. Полић**, Зачудним путевима српске поезије за децу (Јелена Панић Мараш: *Зачудни свет*, Факултет за образовање учитеља и васпитача, Београд, 2024) .................. 125

**Милош Д. Михаиловић**, Даске које живот значе (Uroš Dimitrijević: *Daske*, Dom kulture „Studentski grad", Beograd, 2023) .................................................................................. 130

**Горица Д. Радмиловић**, Супермоћно постојање, ван корица и међу њима (Јелена Ангеловски: *Мика*, Службени гласник, Нови Сад, 2022) ............................................ 132

**Даница В. Столић**, Песничка чаролија (Радислав Јовић: *Сунцокрешање*, Институт за дечју књижевност – Центар за културу Врачар, Београд, 2024) ............................... 135

Овај број часописа *Детињство* финансијски су подржали:

Министарство културе
Републике Србије

Министарство науке, технолошког развоја и иновација
Републике Србије

Покрајински секретаријат
за културу, јавно информисање
и односе са верским заједницама
АП Војводине

Градска управа за културу
Града Новог Сада

CIP – Каталогизација у публикацији
Библиотека Матице српске, Нови Сад

821–93(05)

ДЕТИЊСТВО : часопис о књижевности за децу / главне и одговорне уреднице Зорана Опачић и Тијана Тропин. – Год. 1, бр. 1 (1975) – Нови Сад : Змајеве дечје игре, 1975–. – 23 cm

Тромесечно

ISSN 0350–5286

COBISS.SR–ID 9948418

# УРЕЂИВАЧКИ ОДБОР


Проф. др Владислава Гордић Петковић
Филозофски факултет Универзитета
у Новом Саду

Др Тамара Грујић
Висока школа струковних студија
за образовање васпитача,
Кикинда

Dr hab. Justyna Deszcz-Tryhubczak
Instytut Filologii Angielskiej
Uniwersytet Wrocławski, Polska

Prof. dr. sc. Dragica Dragun
Filozofski fakultet Sveučilišta
Josipa Jurja Strossmayera u Osijeku
Republika Hrvatska

Prof. dr. sc. Tihomir Engler
Filozofski fakultet Sveučilišta
Josipa Jurja Strossmayera u Osijeku
Republika Hrvatska

Ph. D. Eugene Y. Evasco
Department of Filipino and Philippine Literature
College of Arts and Letters
University of the Philippines-Diliman
Manila, Philippines

Др Ивана Игњатов Поповић
Висока школа струковних студија
за образовање васпитача,
Нови Сад

Dr Vanessa Joosen
Universiteit Antwerpen, België

Др Мирјана Карановић, виша научна саветница
Матица српска,
Нови Сад

Dr Anna Kérchy
Associate Professor at the English Department
of the University of Szeged
Hungary

Dr. sc. Andrijana Kos-Lajtman
Učiteljski fakultet (odjeljenje u Čakovcu)
Sveučilišta u Zagrebu, Republika Hrvatska

Dr Weronika Kostecka, adiunkt
Zakład Literatury Popularnej, Dziecięcej i Młodzieżowej
Instytut Literatury Polskiej
Warszawa, Polska

Доц. др Ивана Мијић Немет
Академија уметности у Новом Саду

Проф. др Јелена Панић Мараш
Учитељски факултет
Универзитета у Београду

Prof. dr. sc. Sanja Roić
Filozofski fakultet Sveučilišta u Zagrebu
Republika Hrvatska

Prof. dr. Igor Saksida
Pedagoška fakulteta, Univerza v Ljubljani
Republika Slovenija

Dr. sc. Marijana Hameršak, viša znanstvena suradnica
Institut za etnologiju i folkloristiku
Zagreb, Republika Hrvatska

Проф. др Валентина Хамовић
Учитељски факултет
Универзитета у Београду

Проф. др Снежана Шаранчић Чутура
Педагошки факултет у Сомбору
Универзитета у Новом Саду

## РЕЦЕНЗЕНТИ

Др Јана Алексић, виши научни сарадник
Институт за књижевност и уметност, Београд

Проф. др Драгана Вукићевић
Филолошки факултет Универзитета у Београду

Др Нина Живковић
Факултет педагошких наука Јагодина
Универзитета у Крагујевцу

Др Ивана Игњатов Поповић
Висока школа струковних студија
за образовање васпитача, Нови Сад

Доц. др Ненад Крцић
Филолошки факултет Универзитета у Београду

Др Александра Кузмић, научни сарадник
Филолошка гимназија, Београд

Доц. др Андреја Марић
Филолошки факултет Универзитета
у Бањој Луци

Доц. др Ивана Мијић Немет
Академија уметности у Новом Саду

Проф. др Миливоје Млађеновић
Педагошки факултет у Сомбору Универзитета
у Новом Саду

Проф. др Јасмина Мојсиева-Гушева
Институт за македонску књижевност
Универзитет „Св. Кирил и Методије", Скопље
Република Северна Македонија

Проф. др Весна Мојсова-Чепишевска
Филолошки факултет „Блаже Конески"
Универзитет „Св. Кирил и Методије", Скопље
Република Северна Македонија

Доц. др Снежана Перишић
Учитељски факултет у Призрену – Лепосавићу
Универзитета у Приштини – Косовској Митровици

Проф. др Љиљана Пешикан-Љуштановић, емеритус
Филозофски факултет Универзитета у Новом Саду

Проф. др Валентина Хамовић
Учитељски факултет Универзитета у Београду

Проф. др Зорица Хаџић Радовић
Филозофски факултет Универзитета у Новом Саду

Јованка Д. ДЕНКОВА
Универзитет „Гоце Делчев“
Филолошки факултет
Штип, Р. С. Македонија

# МРАЧНИТЕ ХОДНИЦИ НА АДОЛЕСЦЕНЦИЈАТА

САЖЕТАК: У овом научном чланку говоримо о савременом адолесцентском роману "Кад принц закасни" македонског аутора Велка Неделковског. Роман је значајан по томе што је објављен 1999. године, у време када је македонска књижевност за адолесценте почела слободније и отвореније да третира неке до тада табу теме, као што су проституција међу младима, пороци, убиства итд. У чланку се осврћемо на адолесцентни период и све појаве везане за њега и како се протагонисти суочавају са њима. Све ово може помоћи младим адолесцентима да се идентификују са протагонистима и пронађу решење за своје проблеме у књигама попут ове.
КЉУЧНЕ РЕЧИ: адолесценција, Велко Неделковски, роман за младе.

## ВОВЕД

Има некои периоди во животот на личноста кои се поважни од другите. Токму адолесценцијата е еден од поважните, периодот на транзиција (Marcia 1980). Младите личности трудејќи се да преживеат во овој мрачен свет, некогаш можат да се изгубат

себеси. Светот е премногу опасно место за впуштање во најразлични авантури, без да се размисли за последиците.

Велко Неделковски во „Кога доцни принцот" ни прикажува една возбудлива, реална и по малку мрачна слика за животот на младите. Во овој роман паралелно се следат животите на неколку млади личности кои поради различни причини „скршнале" од патот.

## РОМАН ЗА ПРЕДИЗВИЦИТЕ НА АДОЛЕСЦЕНЦИЈАТА И ЖИВОТОТ И КАКО ДА ИМ СЕ ОДДОЛЕЕ

Романот „Кога доцни принцот" од Велко Неделковски[1] е објавен 1999 година, и колку што говори за животот на младите, адолесцентите, толку говори и за животот на возрасните во големиот град. Дејството е сместено во Скопје, студентски град во кој доаѓаат многу млади луѓе, некои со цел да дипломираат и да направат кариера, а други да си најдат подобра прилика за живеење. Преку груб, дрзок, саркастичен, честопати безобразен, но, всушност, реален јазик авторот ни ги доловува ликовите и нивниот начин на живот. Читателите можеби и нема да се изненадат од пцовките и сарказмот на Максим Скапандер, но сигурно ќе останат вчудовидени од комуникацијата „без влакна на јазикот" меѓу девојките. Според Екерт, спротивно на стереотипите и поплаките на возрасните, оваа употреба „послободни изрази" од страна на адолесцентите не е доказ за неартикулираност или нејасност, туку тие изрази се иновации кои имаат дискурсна функција и го означуваат идентитетот, исто како и возрасните користат такви изрази во секојдневната комуникација, како што е употребата на „океј" со зголемена интонација (пример, „Треба да подготвиме презентација, ок"?). Згора на тоа, она што е впечатливо кај адолесцентниот јазик не е неговата униформност и усогласеност, туку неговата

[1] Еден од најплодните автори, чии дела од својата содржина и со стилски особености им се мошне блиски на најмладите. Велко Неделковски е роден на 28 октомври 1946 година во Скопје. Студирал на Филозофскиот факултет во родниот град, а работел во Македонската телевизија, како драматург и сценарист. Во 1980 година станал член на ДПМ на Македонија. Тој ги негува речиси сите книжевни жанрови: расказ, сказна, роман, драма и поезија. Покрај тоа, тој е автор и на сликовници, како и на романот-сликовница *Зеленкапа во шумата Еколо* (во десет книги). Тој е автор на околу 60 радио-драми кои биле изведени на Радио Скопје (Македонското радио), а некои од нив се преведени и изведени во странство. Исто така, тој е творец на 30 играни телевизиски серии за деца, како: *Саки од Саканија, Светот има осум страни, Царството на другарството* и други, а напишал и сценарија за три краткометражни филмови. Од неговите драмски дела, изведени се: *Ден за бегство, Бибисек од Крампонија* и драматизацијата на романот *Децата од Павловата улица* на Ференц Молнар. За своите дела Неделковски е наградуван во повеќе наврати, како: наградата на РТВ Скопје на Струшките вечери на поезијата за најдобра книга за деца (1986), наградата „Феникс" на град Скопје, за постигнувања во книжевноста, наградата за животно дело на Македонската радио-телевизија и Специјалната повелба на „Детска радост".

различност и неговата поврзаност со идеологијата, бидејќи адолесцентите избираат да усвојат или избегнуваат различни јазични ресурси во зависност од нивната етничка припадност, пол, ориентација кон училиште и други фактори (Eckert 2004: 360).

Романот ни го „отвора” ликот-протагонист Максим, со неславен прекар „Скапандер”. Мартин е триесетипетгодишен самец, љубител на цигарите и алкохолот, жените... Тој има мал бизнис, поточно има отпад за половни автомобили кои ги прикрпува и ги продава. Гаражата колку – толку му овозможува финансиска сигурност, а за него работат неговите „бели црнци” кои немаат многу барања, работат и во недела за обична дневница: „Неговите бели Црнци доброволно работат и во недела. За обична дневница, Максим е приватник со регистрирана дејност и не признава празнични тарифи” (Неделковски 1999: 51-52). Максим е љубител на авантурите, познат меѓу девојките, опасен додворувач на кој славата не му згаснала, иако не е веќе толку млад. Љубител е на колите и на адреналинот, а кога тие две негови пасии ќе се спојат, ќе бидат за малку фатални. Под влијание на злокобната болест (рак на белите дробови) и краткото време за живот кое му го даваат лекарите, Мартин сè почесто размислува за себе: „При секое доброволно или насилно будење, си ги поставува себеси трите судбоносни прашања: кој сум, каде сум, зошто сум? Порано го знаеше одговорот в миг, сега му треба време да ги подреди и осознае нештата. Алкохол плус никотин, рецепт за брзо стареење” (Неделковски 1999: 7). Максим Скапандер во една негова адреналинска авантура со новокупениот мерцедес ќе направи страшна сообраќајна несреќа, во која за малку ќе остане инвалид. Неговиот живот ќе се смени по таа стравична сообраќајна несреќа во која останува инвалид, во која влетува по сознанието дека му се одбројани деновите од злокобниот канцер. Додека тој е во болница, очајната Магде талкајќи со своето дете помош ќе побара од Вероника, која ќе ја упати во тогаш празниот стан на Максим, каде ќе се засолни. По враќањето од болница, тие ќе останат во нивниот стан и ќе продолжат да живеат со Максим. Кога во неговиот дом ќе најдат засолниште Магде со ќеркичката, во нив ќе види зрак светлина. Така, на крај на романот, сепак, животните врвици на Магде и Максим се спојуваат. Ова ќе му донесе мир и на самиот Максим, и за чудо - лек за болеста од која боледува и му беше предвидена смрт: „Максим Скапандер го очекуваше својот биолошки крај... ...Во мај отиде на рутинска рентгенска контрола. Лекарот ги спореди старите и новите снимки, беше вчудовиден кога рече: „Човеку, канцерозното ткиво се повлекува, со каква терапија се лекувавте?! Вљубен сум! – кликна Максим Скапандер. Во две прекрасни дами, Магде и Мимоза...” (Неделковски 1999: 142). Бидејќи не е веќе адолесцент, тој не е предмет на нашиот интерес за осветлување

на овој роман, но преку неговиот роднински однос со Вероника, читателите се запознаваат со студентките-цимерки Вероника и Габи.

Всушност, романот ни дава животни приказни на неколку девојки, кои се дојдени да студираат во големиот град. Иако не е посочена нивната точна возраст, раководејќи се од фактот дека се на факултет, можеме да претпоставиме дека се во доцната адолесценција. Потсетувајќи на карактеристиките на периодот на адолесценцијата, во која адолесцентот доживува не само физички раст и промени, туку и емоционални, психолошки, социјални и ментални промени и раст, Салмела-Аро, посочува дека адолесценцијата може широко да се категоризира во три фази - рана адолесценција (приближна возраст од 11 до 13 години), средна адолесценција (приближна возраст од 14 до 17 години) и доцна адолесценција (приближна возраст од 17 до 19 години) (Salmela-Aro 2011). Овие три девојки, секоја дојдена од различна средина, живеат во својата цимерска соба откако третата цимерка – Магде се омажила и ги напуштила. Преку индивидуалните животни врвици на секоја од овие девојки, согласно со животните избори кои ги прават при бирањето на начинот на живот, авторот ни претставува повеќе можни патеки по кои може да тргне нечија животна врвица. Низ овие ликови, авторот ни насликал многу слични или исти животни ситуации на многу млади луѓе кои кога ќе се најдат надвор од контролата и стегите на родителите, немајќи го соодветното животно искуство, запаѓаат во неизвесни и опасни ситуации. Девојките не живеат најпристоен живот на млади девојки, поточно, и во светот и животот се снаоѓаат онака како што умеат. Склони се кон авантури со повеќе момчиња, па честопати навлегуваат во невољи, но, сепак, многу вешто се снаоѓаат. Дојдени се во големиот град да студираат, или можеби да најдат соодветна прилика да се омажат, исто како и многу други девојки: „Грст моминска ведрина, толку неопходна да преживеат. Во овој град што лицемерно им ги отвора портите за доаѓање, но никогаш вистински не ги прифаќа. Тие се сиромашни дојденци, гладијатори за малку место под ова забесто сонце" (Неделковски 1999: 68). Всушност, истражувањата покажуваат дека времето кога младите адолесценти заминуваат на факултет, во друг град, е време кога тие ја доживуваат својата трансформација, од зависен адолесцент во независен млад возрасен човек. Тие промени и развој се сосема нормални. Зборувајќи за таа транзицијата од средно училиште кон факултет, Салмела-Аро потенцира дека овој период претставува предизвик за младите да живеат самостојно, да се справат со финансиите, да одржуваат академски стандарди и интегритет и да се приспособат на новиот социјален живот. Исто така, тоа им дава можност да се изменат постоечките улоги (на пример, син или ќерка)

и да се усвојат нови улоги (на пример, студент). За време на овој преоден процес, младите адолесценти добиваат позитивни и негативни повратни информации од нивните избори и ги модифицираат или ги напуштаат своите цели. На крајот на оваа транзиција, адолесцентите-студенти воспоставуваат основа за идните животни цели (Salmela-Aro 2007). Сепак, растот и промените кои ги доживуваат, честопати предизвикуваат или се придружени со стрес кај адолесцентите. Оттука, исклучително важно е да се има разбирање за стресните реакции на студентите, но и да се идентификуваат настаните за кои сметале дека се стресни, како и идентификување на методите за справување што ги користеле за управување со нивниот стрес. Многубројните истражувања покажале дека кај младите стресот најчесто е предизвикан од: академските релации, социјалните односи, финансиите, секојдневните проблеми (на пример, паркирање и доцнење) и семејните односи. Во секој од овие домени, треба да се спомнат и следниве фактори: недоволните финансиски ресурси, недостатокот на време и новите одговорности го карактеризираат стресот (Brougham, Zail, Mendoza, & Miller 2009). Токму така и ги запознаваме Вероника и Габи, како две студентки, како трагаат по трета цимерка, за да го пополнат празниот кревет на третата студентка која ги нauштила – Магде. Тие се принудени на ова токму заради недостатокот од финансиски средства за да можат да го платат полниот износ на ќиријата: „Станодавката со витлери без заобиколување им рече:'Плаќајте го и празниот кревет, или најдете замена!' " (Неделковски 1999:15-16). Онаа која ќе го пополни местото на Магде е Златица, бруцош кој се надева на прием во студентскиот дом, но откако ќе наиде на Вероника и Габи, потпаѓа под нивно влијание: „Ги заборави сите предупредувања од родителите и роднините, за безбројните опасности што ги дебнат младите и наивни девојки во Големиот град" (Неделковски 1999: 16-17); „Златица ги остави отворени сите приоди до моминското срце. Нека одат по ѓаволите провинциските совети за скромно однесување, таа го живее сопствениот живот" (63). Токму Златица, од сите три девојки ќе ја запознае вистинската љубов во ликот на момчето Виктор, кој заради неговата неатрактивност, за која и самиот е свесен, ќе биде отфрлен од Златица, за на крај и самиот горко да заклучи: „Секоја девојка го чека својот принц. Принцот љуби, шутот воздивнува. Збогум, Златица" (Неделковски 1999: 130). Можеби Златица е единствената која, на крај, откако заслепено ја отфрла вистинската љубов, се враќа на правилната патека во животот, вселувајќи се во студентскиот дом, положувањето на испитите и пронаоѓањето на ново момче, кое, за жал, не ги исполнува нејзините очекувања: „Си најде и ново момче. Сегашниот избраник е убав, сериозен ...и смртно здодевен" (Неделковски 1999: 143).

Како засебна приказна ни се појавува и приказната на Магде, поранешна студентка, цимерка на Вероника и Габи, а сега веќе сопруга на љубоморниот Стефан – Стив. За нејзината промискуитетна природа дознаваме од нарацијата на авторот:

> „Ноќна птица, се прободе на многу машки копја. Сè додека еднаш не погреши во пресметката на својот месечен циклус. Остана бремена, мев до забите. Абортус или венчавка? Нејзиното последно момче се реши за второто. Магде стана госпоѓа Јовановска, сопруга на Стеван-Стив, за кого Вероника уште при првото запознавање пророчки рече: Овој е љубоморен како пес!” (Неделковски 1999: 15).

Како резултат на својата непромисленост, избрзаност и активниот сексуален живот, што ќе резултира со непланирана бременост, Магде ќе се најде во брак, во кој на почетокот ѝ импонира позицијата на мажена жена. Студиите потврдуваат дека кога еден млад човек се иселува од домот на своите родители на многу рана возраст, директната родителска контрола престанува и се зголемува идентификацијата со групата врсници. Се случува природно ‛избледување’ на сексуалните вредности на кои ги учеле нивните родители и тие се заменуваат со полиберална сексуална вредносна ориентација. Во такви услови се практикува зачестен, непланиран сексуален однос, со резултат на бременост (Gama 2008). Се разбира, како фактор за послободно однесување кај адолесцентите во перидот кога заминуваат на факултет, треба да се земе во предвид и влијанието на друштвото/пријателите, ниската самодоверба во новата средина, влијанието на медиумите, на околината и др. Магде е особено задоволна со себе што успеала да се омажи солидно и да го реши својот социјален и финансиски статус, но таквиот привид не трае долго. Така, нејзиното бурно минато ја прогонува дури и кога е во брак, придонесувајќи нејзиниот сопруг да се сомнева дури и дека малата Мимоза не е негово дете: „Навистина е моја, или ми ја подметна бременоста?! – тој беше свирепо директен” (Неделковски 1999: 15). Болно љубоморен, сопругот не пропушта прилика да ја омаловажи, понижи, навреди или потсети на нејзиното минато како голема заводничка, која поминала низ многу машки кревети. Според Бус, љубомората обично се дефинира како сложена емоционална состојба која се активира кога постои закана за некој сакан социјален однос. Сексуалната љубомора, иако не се покажува со карактеристичен израз на лицето и не е решавачка за преживување, сепак, таа еволуирала, затоа што ги решава адаптивните проблеми на парење. Некои адаптивни функции се слични кај мажите и жените на едно ниво на апстракција, како што е спречување на потенцијалното преземање на партнерот. Другите функции зависат од полот, како што се зголемување на веројатноста за татковство кај мажите и монополизирање на економските обврски на

партнерот за жените (Buss 2013). Долго време се тврди дека машката љубомора поради женското неверство е најсилниот поттик за машкото смртоносно и несмртоносно насилство врз женските партнерки (Stieglitz et al 2012). Магде го нема изневерено Стив, но неговата љубомора кон нејзиниот бурен минат живот како девојка им се одразува врз секојдневниот живот: „Го сака мирисот на нејзината коса, но ја мрази помислата дека и други мажи – колкумина на број?! – се наслaдувале на нејзините руси перчиња” (Неделковски 1999: 35). Магде трпи постојани навреди од сопругот дури и пред други луѓе и живее под негов диктат. На негова наредба ќе мора да започне и да работи како лична асистентка на некој негов соработник, познат по страста кон жените. Со тој потег, Стив како и да присакува да ја доведе во ситуација да ја преиспита нејзината верност, имајќи го во предвид нејзиното минато. Единствено место каде што тие се согласуваат е во кревет. И не е само љубомората на Стив, туку и неверството со бебиситерката во нивниот дом, што, исто така, претставува своевидно насилство врз Магде:

> „Нагло ја отвори вратата и се вкочани од глетката. На францускиот кревет, полуголи, се мрешкаа нејзиниот сопруг и Пепи... Магде вресна, сето ова беше апсурдно...и очекувано. Само не знаеше кога и со која жена ќе се случи тоа. Има нешто неизживеано во однесувањето на Стив, и нешто одмаздољубиво” (Неделковски 1999: 76).

Магде и би го простила неверството, и би трпела, но по заканите дека може да си оди, но без ќеркичката, таа сфаќа дека единствениот излез од токсичниот брак во кој може да го изгуби чедото е - бегството. Приказната на Магде можеби е малку поразлична од оние на нејзините цимерки. Таа поминува низ тежок период по напуштањето на семејниот дом, буквално скитајќи заедно со својата мала ќерка, бегајќи од сопругот. Бракот на рана возраст е навистина многу ранлив на разни проблеми кои можат да влијаат на хармонијата во домаќинството. Ова е во согласност со недостатокот на физичка, материјална и ментална подготвеност на мажот и жената, бидејќи бракот не е само за да ги оправда сексуалните односи меѓу маж и жена, туку во исто време е и правен акт што предизвикува правна последиците во вид на граѓански права и обврски за двете страни (Hasanah-Latiffani 2020).

Авторот преку овие приказни на млади луѓе, ја слика темната страна на општеството, зборува за луѓе кои постојано живеат на работ на општеството, во обид да се збогатат. Карактеристика на адолесцентите е ориентацијата кон забава и возбуда, што ги мотивира на различни, повеќе или помалку опасни форми на ризично однесување (Павићевић 2013). Но, затоа, пак, адолесценцијата не треба да се смета за некаков

недостаток, туку само фаза кога младите луѓе се помалку зрели од тоа што ќе бидат во иднина. Затоа, тие честопати не размислуваат трезвено и нивните постапки имаат некакви последици (Steinberg 2018). Овој начин на живот на ликовите во романот ќе ги донесе до неволји и пропаст. Типичен пример за тоа се на Вероника и Габи, во чии животни врвици се случуваат неколку клучни кризни точки кои ќе им го определат понатамошиот живот и судбина.

Како решавачки момент кој и на двете девојки ќе им го промени животот, може да се издвои средбата на Максим со Бранко Грч – негов стар пријател. Бранко кој (наводно) има фирма за увоз – извоз, се обраќа кај стариот заводник – Максим, во потрага по млади девојки кои би можеле да бидат во улога на'домаќинки' за неговите посетители – клиенти од странство. Максим ќе се сети токму на Вероника, негова штитеничка која му останала „во аманет" како братучетка на негов другар од Армијата. Честопати ѝ помага, дури ќе ѝ подари и кола – старо фиќо кое колку-толку ѝ служи на младата девојка: „Млада е, комуникативна, веројатно опкружена со згодни другарки. Девојчиња! Нека си го заработат џепарлакот изигрувајќи домаќинки на бизнисмени од странство" (Неделковски 1999: 52).

Вероника е девојка која уште на почетокот од романот гледаме дека е со најслободно однесување од сите нејзини пријателки (цимерки), девојка на која на секој чекор ѝ приоѓаат момчиња со непристојни предлози: „Денес, помеѓу две предавања, ми пријде еден тип. Безличен, тип нула! Праша дали нашиот факултет е живинарски, забележал многу гуски во клупите?!... Го пратив да си облече долги панталони и да си ги размести двете глави, горната и долната!" (Неделковски 1999: 14). Во адолесценцијата како преоден животен период се развиваат посебни стилови, вкусови и преференци кои отстапуваат од нормите и вредностите стекнати во родителскиот дом и училиштето (Steiberg 2018). Така, во нашиот пример, Габи и Вероника залажувајќи се по лесен начин на заработка запаѓаат длабоко во калта од која едната од нив нема воопшто да се извлече. Истражувањата покажуваат дека високите трошоци на студирање, ги доведува младите да бараат нетрадиционални извори на финансиска поддршка. Еден од тие начини проституирањето, како отворена проституција која опфаќа и сексуален чин, но и ангажман како придружба на постари лица (Motyl 2012). Младата заводничка Вероника сега почнуваат да ја квалификуваат и како проститутка, а таа го прифаќа тоа, со релативизирање на вистината:

„Ова не е проституција, туку умно распоредување на сексуалната енергија! Задоволство, анти-беби пилули и профит. Кој може да повлече прецизна граница

меѓу давањето и земањето?! Меѓу љубовта и сексот, меѓу привидната добивка и реалната загуба?!...Мажите ги распоредувам во графата ‘клиенти’, таму им е местото” (Неделковски 1999: 133).

Но, и покрај ставот на Вероника за проституцијата, сепак, во клучниот момент кога од Адам Золотни ќе го добие токму третманот на проститутка, таа се чувствува повредена:

„Се бричам!- довикна Адам Золотни. Не мораш да ме чекаш. Ти оставив пари под пепелникот. Вероника безгласно залипа. Се однесува со неа како да е крајпатна простотутка. Порачај, земи плати. Полугола, се втурна кон купатилото: -Мразам кога ме третираат како женски објект! ” (Неделковски 1999: 122).

Всушност, проституцијата често е нарекувана „најстарата професија на светот” и многу често млади девојки навлегуваат поради невнимание или незнаење, но и свесно (Gorkoff-Runner 2003). Тоа, се разбира, не е случај со Габи и Вероника, кои отворено го прават тоа за здобивање со материјални добра. Токму овој „работен ангажман” на младите девојки од страна на Бранко Грч, ќе ги доведе до клучната кризна точка во нивните животи. Едниот момент е впуштањето на Вероника во љубовна авантура со Адам Золотни, еден од гостите на Бранко Грч. Сè започнува со отворено флертување, за таа најпосле да заврши во кревет со него. По една помината ноќ заедно, кога тој сака да ѝ плати за тоа, младата девојка ќе се почувствува одвратно сфаќајќи дека тој со неа се однесува како да е женски објект. Во сето бунило и бес, Вероника сакајќи да му украде нешто лично, нешто кое му значи, краде мала златна запалка. Овој мистериозен предмет во себе крие микрофилм важен за скриениот злосторник Золотни. Вероника знае дека тој ќе ја најде трагајќи по скапоцениот предмет, но не може да предвиди како ќе заврши таа средба. Адам Золотни најпрво ќе го посети Максим, по што ќе ја најде и Вероника и ќе ја убие. Поради еден погрешен чекор, нејзиниот живот ќе заврши трагично: „Мистериозното убиство на Вероника беше загатка за полицијата и страшна траума за нејзините најблиски. Родителите, скршени од болка изразија желба да ја погребат во нејзиното родно место” (Неделковски 1999: 139).

Што се однесува до студентката Габи, нејзината приказна е исклучително интригантна, бидејќи тука имаме и врска помеѓу професор и студентка. Станува збор за авантурата која таа ја има со асистентот Јанош, кој иако е женет човек, паѓа на шармот на младата студентка која седи во првиот ред и вешто и внимателно ги пишува белешките. Аферите помеѓу професори и студенти денес не се нешто невообичаено и често слушаме за нив по весниците (Kwan-Kenneth 2011). Иако дејството на романот и

не е сместено така одамна, сепак зборуваме за појава која во било кое време би наишла на предрасуди. И самиот Јанош е свесен за грешката:

> „Покајник е. Пребрзо влета во авантура. Тој е мирен семеен човек, со солидно и почитувано вработување. Сè става на коцка, а каква добивка е во изглед? Бездруго, и девојката ризикува, но таа е барем слободна од стегите на животот. Или барем послободна од него. Нејзината младост и наивност се нејзин влог" (Неделковски 1999: 97).

Токму младоста и наивноста, но и желбата за заработка ќе ја втурнат Габи да стане навидум туристички водич на странци, но всушност ќе биде дрогирана и киднапирана на цела седмица од Бранко Грч, човекот кој врбува млади девојки за придружнички, поточно за проституција: „Еј, ја раширив работата, не ми се веќе потребни твоите селанчиња! Имам триесет девојки на располагање, росни цвеќиња, жими тебе! Не сум лош математичар, понудата на еротско месо е огромна?!" (Неделковски 1999: 141).

Бранко Грч ја добива казната од Максим, откако Габи му раскажува сè што ѝ направил. Габи, пак по случувањата ја прекува врската со Јанош, асистентот со кој се гледаше. На крај, со изнудената отштета која ја добива од Бранко Грч, заминува во Лондон и својот живот го продолжува како бебиситерка во некое средно имотно семејство.

Очекувано, како што ни ја претставува сцената, така, романот завршува со длабоката порака искажана токму од Мартин Скапандер на неговата роденденска прослава, кој веќе е излечен и препороден човек:

> „Господ, што ние луѓето го бараме по небото, можеби живее во најситната ќелија на организмот! Оттаму командува со нашето однесување, правејќи нè час весели час тажни, искрени или лажливци, широкогради или одмаздољубиви, добри или лоши – да бидеме овоземен украс, или краста на векот?! (Неделковски, 1999: 143).

Во неговите зборови се крие вистината за тоа дека секој од нас е кројач на сопствената судбина и од нас зависи дали ќе ја пригрнеме љубовта која живее во секој од нас, или ќе одбереме сосема поинаква животна патека.

## ЗАКЛУЧОК

Преку судбините на четирите млади девојки, студентки во големиот град, авторот ги посочува искушенијата со кои се среќаваат, во вид на желба за поубав живот, барање начин како да се вклопат во новата средина, желба за слободен, неомеѓуван живот и забава, итн.

Четири девојки, четири животни приказни, различни, а сепак, толку слични. Во трка по поубав живот, девојките ги пропуштаат вистинските прилики и можности за вистински продуктивна реализација во животот. Иако мислат дека можат да се справат со секакви ситуации, младите девојки поради нивната наивност ќе доживеат фатален крај. Особено кога ќе се најдат во нова, непозната средина, во која ги нема ограничувањата од родителите, младите адолесценти лесно запаѓаат во неволји.

Преку животниот пат на младите луѓе прикажан во романот „Кога доцни принцот", авторот Велко Неделковски порачува дека животот е прекраток и премногу неочекуван за да носиме погрешни одлуки. Носењето на избрзани и погрешни одлуки, ќе доведе до тоа да се пропуштат вистинските шанси, вистинските луѓе, вистинската љубов... Така и девојките од романот на Неделковски, се разминуваат со вистинската љубов, се разминуваат со неа, во потрага по нешто тешко дофатливо или имагинарно, нешто при чија потрага човек се губи себеси...

Адолесцентската литература може да им помогне на младите да се соживеат со ликовите, да се пронајдат себеси, но и да им покаже како не треба да постапуваат. Овој роман може да послужи и како одличен пример, да ги поучи на вистинскиот живот и неговата сурова реалност.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


1. Brougham, R. Ruby, Zail, M.Christy, Mendoza, M. Celeste, & Miller, R.Janine, Stress, sex differences, and coping strategies among college students. *Current psychology*, *28*, 85-97, 2009, DOI 10.1007/s12144-009-9047-0
2. David, Buss, M. Sexual jealousy. *Psihologijske teme*, *22*(2), 2013, 155-182, 2013. https://hrcak.srce.hr, 26.03.2024
3. Eckert, Penelope. *Adolescent language* (p. 360), 2004. DOI:https://doi.org/10.1017/CBO9780511809880.021, 26.03.2024
4. Gama, Nothando Nokuthula. The effects of unplanned pregnancy on female students of the University of Zululand." PhD diss., 2008. https://uzspace.unizulu.ac.za , 26.04.2024
5. Gorkoff, Kelly., Runner, Jane. Being Heard: The Experiences of Young Women in Prostitution, *Fernwood Publishing*, 2003, https://books.google.mk, 26.03.2024
6. Hasanah, Uswatun, & Latiffani, Chitra. The Factors Causing Early Divorce in Early Marriage. In *International Conference on Social, Sciences and Information Technology* (Vol. 1, No. 1, pp. 477-482), 2020. DOI: https://doi.org/10.33330/icossit.v1i1.697, 26.03.2024
7. Kwan, Sai., & Kenneth, W. U. Why'teacher-student affair'should not be a crime?. *城市*, *26*(26), 2011, http://commons.ln.edu.hk/mcsln/vol26/iss1/7/ 26.03.2024

8. Marcia, E. James. Identity in adolescence. *Handbook of adolescent psychology*, *9*(11), 159-187, 1980.www.academia.edu, 22.03.2024
9. Motyl, Jacqueline. Trading sex for college tuition: How sugar daddy dating sites may be sugar coating prostitution. *Penn St. L. Rev.*, *117*, 927, 2012. https://ideas.dickinsonlaw.psu.edu/dlra/vol117/iss3/8, 26.03.2024
10. Salmela-Aro, Katariina., Aunola, K., & Nurmi, J. Personal goals during emerging adulthood: A 10-Year follow up. *Journal of Adolescent Research*, 22(6), 690–715, 2007.
11. Salmela-Aro, Katariina. Stages of Adolescence, In *Encyclopedia of adolescence* (pp. 360-368). Academic press, 2011. https://researchportal.helsinki.fi/en/publications/stages-of-adolescence, 01.03.2024
12. Неделковски, Велко. *Кога доцни принцот*, Скопје, Топер, 1999.
13. Павићевић, Оливера. Класна стратификација и деликвенција: адолесценти из средње и више класе, Институт за криминолошка и социолошка истраживања, Београд, , *Социолошки преглед*, vol. XLVII, 2013, no. 4, стр. 555–574, www.academia.edu, 22.03.2024
14. Steinberg, Laurence. Age of Opportunity: Lessons from the new science of adolescence. *Journal of Child and Adolescent Mental Health*, *30*(1), 61-66, 2018.
15. Stieglitz, Jonathan, Michael Gurven, Hillard Kaplan, and Jeffrey Winking. "Infidelity, jealousy, and wife abuse among Tsimane forager–farmers: testing evolutionary hypotheses of marital conflict." *Evolution and Human Behavior* 33, no. 5 (2012): 438-448. doi: 10.1016/j.evolhumbehav.2011.12.006

Јованка Д. ДЕНКОВА*
Универзитет „Гоце Делчев"
Филолошки факултет
Штип, Република Северна Македонија

Стручни рад
UDC 821.163.3-93-31.09 Nedelkovski V.
https://doi.org/10.46793/Childhood24.3.45D
Примљен: 26. 3. 2024.
Прихваћен: 22. 4. 2024.

# THE DARK CORRIDORS OF ADOLESCENCE

Abstract: In this scientific article we are talking about a contemporary adolescent novel "When the prince is late" by the Macedonian author Velko Nedelkovski. The novel is significant because it was published in 1999, at a time when Macedonian literature for adolescents began to treat some previously taboo topics more freely and openly, such as prostitution among young people, vices, murders, etc. In the article, we refer to the adolescent period and all the phenomena related to it and how the protagonists face them. All of this can help young adolescents identify with the protagonists and find the solution to their problems in books like this one.

Keywords: adolescence, Velko Nedelkovski, youth novel.